**стручен труд**

**УДК: 111.85(062)**

# РАЗМИСЛУВАЊА ЗА АНТИЧКИОТ ИДЕАЛ НА КАЛОКАГАΘΊА

Во организација на Здружението на класични филолози *Антика* и на Филозофското друштво на Македонија, на 12.3.2014 година, во свечената сала на Филозофскиот/Филолошкиот факултет во Скопје, се одржа научен симпозиум посветен на античкиот идеал на καλοκαγαθία. Со свои тези на оваа тема настапија 14 учесници од повеќе домашни научни и високо-образовни установи[1], понудувајќи на тој начин најразновидни разбирања и толкувања на овој специфичен поим.

Почетокот на работниот дел на Симпозиумот беше означен со излагањето *Проширување на подрачјето на убавината: kalokagathia* на **проф. д-р Иван Џепароски**, кој се осврна на широкото разбирање и на третманот на синтагмата „убавина-и-добрина“ во областа на естетиката. Наредниот реферат на **проф. д-р Владимир Мартиновски**, насловен како *Античкиот идеал καλοκαγαθία и ренесансниот Homo universalis,* понуди неколку можни толкувања на одгласите на античкиот идеал kalokagathia, содржани во ренесансниот идеал *универзален човек,* според познатата реченица на Леонардо: *Лесно е да се стане универзален.* Со насловот *Античкиот идеал на καλοκἀγαθία низ призмата на епиграфските сведоштва,* **доц. д-р Елена Џукеска** ги спореди употребите на поимот καλοκἀγαθία и синтагмата καλός καί ἀγαθός на натписи со книжевна традиција, додека при историскиот преглед на идеалот, во рефератот *Платонова заблуда ли е: КАЛЛІПОЛН, основа за καλοκαγαθία,* **Љубомир Гајдов** ја посочи καλοκαγαθία како идеал кон кој човекот може да се стреми и денес, преку филозофската култура.

Во втората сесија, **доц. д-р Марија Чичева Алексиќ,** со трудот под наслов *Античкиот наслов καλοκαγαθία во посткласичниот период,* се задржа на толкувањето на терминот

[1] Институтот за класични студии, Институтот за филозофија, Институтот за македонска литература, Институтот за старословенски јазик, Катедрата за општа и компаративна книжевност, Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“-Скопје, Универзитетот „Евро-Балкан“ Скопје, како и независни истражувачи во областите на филозофијата и на класичната филологија.

καλοκαγαθία во византискиот лексикон *Суда*, кај лексикографот Хесихиј, во *Септуагинтата* и кај некои т.н. девтероканонски книги од *Стариот Завет*. **Проф. д-р Јованка Кепеска,** со излагањето под наслов *Дали општествениот развој прогресира и светот се естетизира?,* се осврна на значењето на научно-технолошкиот напредок и на нужноста од подигнување на сознанието на повисок степен на освестување како историско случување и истоветност на *theoria, praxis* и *thehnopoiesis*. **Доц. д-р Марија Тодоровска,** во трудот *Доброто, убавото и светото,* се осврна на релациите помеѓу категориите добро, убаво и свето, според теориите на Рудолф Ото и според идеите на неколкумина подоцнежни религиолози, додека **проф. д-р Африм Реџепи,** со насловот *Aisthesis,* го опсервираше идеалот според влијателните естетички дискурси, коишто се занимаваат со перцепцијата на уметничкото дело.

Во третата сесија, со трудот *Доброто, убавото и вистината во платоновата филозофија* на **доц. д-р Јасмина Наумоска** беше понудено проширено читање на идеалот καλοκἀγαθία преку воведување на категоријата на вистината во толкувањето на етичко-естетскиот концепт. Наредниот труд, со наслов *Кој е ΚΑΛΟΣ ΚΑΓΑΘΟΣ во атичката комедија?* на **доц. д-р Даниела Тошева,** поттикна размислувања за она што се дефинира и се објективизира со поимот καλοκἀγαθία во комедијата *Пирувачи* на Аристофан како единствен зачуван пример на употреба на терминот во хеленската комедија. Наредното излагање, со наслов *Принципот καλοκαγαθία како задушувачки за уметноста на денешното време* на **доц. д-р Вангел Ноневски,** укажа на проблематичниот концепт на идеалот καλοκαγαθία за културниот амбиент на современата доба, додека завршниот реферат од оваа сесија на **доц. д-р Милан Ѓорѓевиќ**, насловен како *Добриот, Убавиот и Вљубениот - античкиот идеал καλοκαγαθία и богот на византиските философи,* го насочи вниманието кон главната функција на концептите на доброто и на убавото кај Псевдо-Дионисиј Ареопагит, повлекувајќи, притоа, паралела со сакраменталната антропологија и етика на доцновизантискиот филозоф, свети Никола Кавасила.

Четвртата и последна сесија од симпозиумот започна со трудот на **ас. м-р Светлана Кочовска** со наслов *Еквивалентите на сложенката καλοκαγαθία во преводната книжевност на латински јазик* со којшто авторката укажа на три различни „читања“ на она што преведувачите на делата на Ксенофонт, на

Аристотел, Демостен, Исократ, Диоген Лаертиј, Плутарх и на Полибиј, на латински јазик, го означуваат со сложенката καλοκαγαθία, а имено: својство со етичка димензија, естетичко-етички идеал и својство што претставува спој од етичност и храброст. Следниот реферат, со наслов *Космолошките аспекти на Kalokagathia: од суреден космос до човечка одличност,* на **м-р Виктор Илиевски,** се осврна на значењето на идеалот во Платоновиот дијалог *Тимај,* како обединување на разумското начело на душата и на космичкиот *nous,* кое резултира со морално суштество што се одликува со совршена усогласеност на душата и на телото. Наредниот труд, со наслов *Порфириј за вегетаријанството како καλοκαγαθία,* на **Марјан Калевски,** укажа на единството на човековото дејствување, филозофија и начин на живот, засновано на телесна и на духовна нега, и кое неизбежно е придружено со силно чувство за етика. Последниот реферат на Симпозиумот, со наслов *Калокагатхија во Сократичките говори на Ксенофонт* на **ас. м-р Дарин Ангеловски,** проследи две книжевни дела од античката литературна традиција, *Спомените на Сократ* и *Симпосион* од Ксенофонт, во кои идеалот подеднакво се определува и како својство на човековата духовност, на човековата телесност и на сето она со коешто се служи човекот.

Генералната дискусија, освен што ги потврди разновидноста на пристапите и повеќеслојноста на тезите со кои беше проследен античкиот идеал на *καλοκαγαθία,* таа истовремено укажа на неопходноста од понатамошна блиска соработка и стручна и научна размена помеѓу специјалистите од областа на класичната филологија и на филозофијата.

**Дарин Ангеловски**